## Преглед на проектот

Проектот “Заедничко управување и управување со ризици од поплави во прекуграничната област Аксиос/Вардар” со акроним “ЗАШТИТА ОД ПОПЛАВИ” е проект кофинансиран од Европската Унија и националните фондови на земјите учеснички во рамките на INTERREG ИПА Програма за прекугранична соработка **“Грција – Република Северна Македонија 2014-2020”.**

Проектната област опфаќа 2 земји, и тоа Грција и Република Северна Македонија. Има времетраење од 17 месеци со вкупен придонес од ЕРДФ од 882.850 € и финансирање од ИПА II од 591.600€, со што вкупниот буџет на проектот достигнува 1.474.450,00€

## Повеќе информации

www.floodshield.eu

@Interreg Floodshield

Фотографија од Јарослав Шураев

Interreg - IPA CBC

CCI 2014 TC 16 I5CB 009

FLOOD SHIELD

## КОРИСНИЦИ

ДЕЦЕНТРАЛИЗИРАНА АДМИНИСТРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА И ТРАКИЈА – ЕЛЕНСКА РЕПУБЛИКА

*(Водечки корисник)*

www.m-t.gov.gr

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И И ЕНЕРГИЈА ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ПРИРОДНА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ВОДА – РЕПУБЛИКА ГРЦИЈА

www.ypen.gov.gr

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

www.moepp.gov.mk

ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

www.dzs.gov.mk

*“Ставовите изразени во оваа публикација не мора да ги одразуваат ставовите на Европската Унија, земјите учеснички и Управниот Орган”*

Interreg - IPA CBC

Greece - Republic of North Macedonia

FLOOD SHIELD

# Заедничко управување и управување со ризици од поплави во прекуграничната област Аксиос/Вардар

# ЗАШТИТА ОД ПОПЛАВИ

**Проектот “ЗАШТИТА ОД ПОПЛАВИ” е кофинансиран од Европската Унија и националните фондови на земјите учеснички**

# Цели

Главната цел на проектот е минимизирање на ризиците од прекугранични поплави и катастрофи во сливот на реката Аксиос/Вардар преку зајакнување на прекуграничната соработка на оранизациско, технолошко и социјално ниво.

Покрај главната цел, проектот комбинира различни аспекти за да ги постигне следните цели:

- Зајакнување на управувањето со ризикот од поплави во прекуграничната област со цел подобро да се процени, планира, следи, спречи и реагира против поплавите.
- Подобрување на техничкиот капацитет за ефективна прекугранична проценка, следење, подготвеност и одговор на ризикот од поплави
- Промовирање на улогата на граѓаните и доброволните групи во активностите за цивилна заштита, во случај на катастрофи од поплави, да се заштитат и активно да се вклучат во активностите за превенција и реакција.



## Очекувани резултати

- Развивање на прекугранична цивилна заштита, соработка и интероперабилност преку создавање на Заедничка група за управување со ризик од поплави која ќе разменува информации и ќе развие заеднички процедури за интервенција.
- Воведување на ефективен прекуграничен систем за следење и одговор на ризикот од поплави за проценка на ризикот од поплави и ранливост, подготвеност и одговор на настаните од поплави.
- Подобрување на пристапноста до средствата и опремата во прекуграничната област со цел ефикасно справување со екстремните поплави во согласност со стратегиите за отпорност на транспортот.
- Промовирање на размена на знаења и оперативни искуства, како и најсовремени технологии за следење и проценка на ризиците од поплави.
- Подигнување на свеста и информирање на локалното општество и особено на ранливите групи како да се заштитат себеси и другите.
- Поттикнување и промовирање на ефективен развој на волонтеризмот со цел да се мотивираат граѓаните да се вклучат во локалните волонтерски групи за цивилна заштита.

# Проектна област & Целни групи

Проектот е дизајниран на начин да вклучи активности во повеќето делови од Програмската област (покривајќи 7 од 9 од подобните региони во двете земји).

Обемот на активностите во областа на реката Вардар во Северна Македонија опфаќа најголем дел од Вардарскиот и Пелагонискиот регион и мал дел од Југоисточниот регион. Населението во регионот достигнува 212.672 жители.

Опсегот на активностите во реката Аксиос во Грција опфаќа области во регионалните единици на Солун, Кукуш, Пела и Серес, со вкупно население од 170.492 жители.

Целните групи и крајните корисници вклучуваат национални, регионални и општински власти и служби, регионални администрации, органи за цивилна заштита, индустриски претпријатиа, научни структури, волонтери, граѓанско општество, итн.



oto by Pixabay